РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Број: 18- 45898/

Дата: 02-06-2020/1 година

Скопје

Врз основа на член 75 став 4 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РСМ", бр.24/2019), Министерот за внатрешни работи донесува:

# ИЗМЕНА - 2 И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2020 ГОДИНА БРОЈ 18-972/1 од 02.01.2020 ГОДИНА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Финансиските средства за набавките предвидени во овој план за јавни набавки се обезбедени од буџетот на Министерството за внатрешни работи, жиро сметки: 060010012463714; 060010012463112 и 060010012407812

| Ред. бр. | Предмет на договорот за јавна набавка / рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот / рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. ДОГОВОРИ И РАМКОВНИ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА СТОКИ | | | | | | |
| 1 | Виндјакни | 18000000-9<br>35000000-4 | јули | 60.000.000 | Отворена постапка | |
| 2 | Чевли | 18000000-9<br>35000000-4 | јули | 80.000.000 | Отворена постапка | |
| 3 | Цивилна облека и обувки | 18000000-9<br>35000000-4 | септември | 6.000.000 | Отворена постапка | |
| 4 | Свечена униформа за припадници на Полиција | 18000000-9<br>35000000-4 | октомври | 4.000.000 | Поедноставена отворена постапка | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Униформи, обувки и опрема за воздухопловен персонал | 18000000-9<br>35000000-4 | јуни | 4.500.000 | Отворена постапка | |
| 6 | Делови од униформа за специјална полиција | 18000000-9<br>35000000-4 | јули | 30.617.350 | Отворена постапка | |
| 7 | Мотоциклистичка опрема | 18000000-9<br>35000000-4 | јули | 4.000.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 8 | Резервни делови за компјутерска опрема, кабли, потрошен материјал | 31000000-6<br>30000000-9 | јуни | 20.000.000 | Отворена постапка | |
| 9 | Соларни системи за греење на вода | 09000000-3 | ноември | 5.000.000 | Отворена постапка | |
| 10 | Апарати за точење гориво на бензиска пумпа со вклучени услуги за инсталација и санација | 09000000-3<br>31000000-6 | јули | 4.200.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 11 | Средства за хигиена | 33000000-0 | јули | 20.000.000 | Отворена постапка | |
| 12 | Потрошен материјал за ДНК | 38000000-5<br>33000000-0<br>33697000-2 | јули | 83.610.470 | Отворена постапка | |
| 13 | Средства за дезинфекција и заштитни средства | 33000000-0<br>18143000-3 | јули | 4.000.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 14 | Резервни делови за возила | 34320000-6 | јуни | 21.000.000 | Отворена постапка | |
| 15 | Материјали за поправка ( столарски, молерофарбарски, браварски, електроматеријали, водовод и одвод, парно греење и други материјали) | 34913000-0<br>39715300-0<br>39715200-9 | јули | 7.500.000 | Отворена постапка | |
| 16 | Таблетирана сол | 15872400-5 | декември | 300.000 | Набавка од мала вредност | |
| 17 | Дополнителна опрема за возила | 31610000-5<br>34330000-9<br>34300000-0 | август | 4.200.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| | **2. ДОГОВОРИ И РАМКОВНИ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА УСЛУГИ** | | | | | |
| 18 | Сервисирање и одржување на моторни возила | 50110000-9<br>50100000-6 | јуни | 5.000.000 | Отворена постапка | |
| 19 | Услуги за сервисирање и тековно одржување на високопритисна опрема, термотехничка инсталација, хемиско и механичко чистење на котелски единици | 50720000-8<br>45232141-2 | јули | 20.000.000 | Отворена постапка | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Услуги за тековно одржување на објекти на МВР со изведба на градежни, градежно-занатски, занатски, инсталатерски и други работи | 50000000-5 | јуни | 70.000.000 | Отворена постапка | |
| 21 | Поправка на роло врати и капии и браварски услуги | 50000000-5<br>98395000-8 | јуни | 10.000.000 | Отворена постапка | |
| 22 | Изнајмување на опрема за организирање на настани | 79952000-2<br>31620000-8 | јуни | 600.000 | Набавка од мала вредност | |
| 23 | Услуги за генерирање на тестови | 79822000-2<br>79996100-3<br>72260000-5 | јули | 12.000.000 | Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | |
| 24 | Услуги за изготвување на ревидирана проектна документација за градежни работи | 71220000-6<br>71248000-8<br>71320000-7 | јуни | 4.200.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 25 | Услуги од надзорен орган при вршење на градежни работи | 71520000-9 | јуни | 4.200.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 26 | Услуги за сервисирање на нуркачка опрема | 37412200-1<br>50000000-5 | јули | 250.000 | Набавка од мала вредност | |
| 27 | Услуги за сервисирање и одржување на ПП апарати и опрема, хидрантски мрежи и системи за дојава | 50413200-5<br>45312100-8 | ноември | 10.000.000 | Отворена постапка | |
| 28 | Услуги за чистење и одржување на базен во центар за обука – Идризово | 90900000-6<br>45232430-5 | јули | 2.500.000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 29 | Услуги за одржување на ТЕТРА систем | 50300000-8<br>50330000-7<br>50331000-4 | декември | 20.000.000 | Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | |
| 3. ДОГОВОРИ И РАМКОВНИ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА РАБОТИ | | | | | | |
| **Конто: 481** | | | | | | |
| 30 | Поставување на цревo за оптички кабел | 45231600-1 | јуни | 36.000.000 | отворена постапка | |

Забелешки :

1. Во ставка 5 од измената 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, со предмет на договорот за јавна набавка кој гласи - Високи специјални чизми за специјални единици се менува називот во Високи специјални чизми и се менува проценетата вредност на набавката која ќе биде 58.000.000 денари без вклучен ДДВ (Зголемувањето на проценетата вредност за набавката се прави поради зголемување на обемот и количините во предметот на набавката, поради поништување на постапката за Високи специјални чизми која беше започната согласно планот за јавни набавки од 2019 година и која заврши со одлука за поништување на постапката)

2. Во измената 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, постапката со реден број 4 - Дводелен комплет за дожд, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Дводелен комплет за дожд со постапката од реден број 13 од основниот годишен план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, со предмет на договорот за јавна набавка кој гласи - теренска униформа. Постапката со реден број 13 ќе гласи Теренска Униформа и други делови од униформа, со вкупна проценета вредност за набавката која ќе биде 130.000.000 денари без вклучен ДДВ, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во Јануари се менува и се очекува постапката да започне во Јуни.

3. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 2 - Екстра лесно гориво се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Екстра лесно гориво во постапката со реден број 3 - Мазут од основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Мазут и Екстра лесно гориво со вкупна проценета вредност од 90.000.000 денари, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во февруари се менува и се очекува постапката да започне во Јуни..

4. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 4 - Еуросупер 95 се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Еуросупер 95 со потребите предвидени во постапката од планот со реден број 5 - Еуродизел, односно двете постапки се спојуваат во една постапка за јавна набавка која гласи Еуродизел и Еуросупер 95 со вкупна проценета вредност за постапката од 160.000.000 денари, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во Мај се менува и се очекува постапката за јавна набавка да започне во Јуни.

5. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 6 - Антифриз, глицерин, течност за ветробранско стакло, адитиви, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Антифриз, глицерин, течност за ветробранско стакло, адитиви во постапката од планот со реден број 7 - Масла и мазива, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Масла, мазива, течности, адитиви и други потрошни материјали со вкупна проценета вредност од 18.000.000 денари, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во Мај се менува и се очекува постапката да започне во Јули.

5. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 8 - Канцелариски потрошен материјал, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за набавка на Канцелариски потрошен материјал во постапката со реден број 1 - Репрезентативен потрошен материјал, од измена 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Канцелариски и репрезентативен потрошен материјал со вкупна проценета вредност од 20.000.000 денари, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во Април се менува и се очекува постапката да започне во Јули.

6. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 14 - Флуоросцентни елеци и подлактици, се брише.

7. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 15 - Опрема за полициски службеници од БЈБ - ССР (пакети прва помош, сообраќајни знаци и друга опрема), се менува очекуваниот почеток на постапката (месец) и наместо во Јануари постапката се очекува да започне во Јуни.

8. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 20 - Конзервирани производи, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Конзервирани производи во постапката од планот со реден број 23 - Конзервиран зеленчук, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Конзервиран зеленчук и конзервирани производи со вкупна проценета вредност од 52.000.000 денари и се менува и очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Април постапката се очекува да започне во Јуни.

9. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 27 - Храна за службени кучиња се менува називот, во Храна и опрема за службени кучиња, со проценетата вредност 3.600.000 денари, а очекуваниот почеток на постапката (месец) наместо во Март, со измената постапката се очекува да започне во Јули.

10. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 28 - Ски опрема се брише.

11. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката за јавна набавка со реден број 30 – Регистарски таблици за моторни возила, се менува очекуваниот почеток на постапката (месец) и наместо во Јуни, со измената постапката се очекува да започне во Септември.

12. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 31 - Потрошни материјали за ОКТИВ, поради потреба од зголемен обем на набавка и склучување на рамковна спогодба за подолг период, се зголемува проценетата вредност на 115.000.000 денари, а за постапката се менува и очекуваниот почеток на постапката(месец) кој наместо во Февруари се менува и се очекува постапката да започне во Јуни.

13. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 39 – Санка за снег, поради промена на потребата, се менува називот во четирицикл и се менува очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Мај постапката се очекува да започне во Септември.

14. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 46 - Грејни тела, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите за Грејни тела во постапката од планот со реден број 45 - Клима уреди, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Клима уреди и грејни тела со вкупна проценета вредност од 20.600.000 денари, а се менува и очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Септември постапката се очекува да започне во Јули.

15. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката за јавна набавка со реден број 51 - Биро лабораториска опрема за ОКТИВ, се брише.

16. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката за јавна набавка со реден број 52 - Канцелариски мебел и опрема се брише.

17. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 53 - Фотоапарати, камери, проектори, ЛЦД, телевизори и микрофони од донација, се менува очекуваниот почеток на постапката (месец) и наместо во Февруари постапката се очекува да започне во Август.

18. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката за јавна набавка со реден број 57 - Возила наменети за увид на место на настан за ОКТИВ се брише.

19. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 58 - Услуги за осигурување на вработени - колективно осигурување, се брише. Набавката за Услуги за осигурување на вработени - колективно осигурување, ќе се изврши со спојување на потребите во постапката од планот со реден број 59 - Услуги за осигурување од автоодговорност, автокаско и зелен картон, односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Услуги за колективно осигурување на вработени и осигурување од автоодговорност, автокаско и зелен картон, со вкупна проценета вредност од 86.000.000 денари при што се менува и очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Јуни постапката се очекува да започне во Јуни.

20. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката за јавна набавка со реден број 65 - Услуги од оператор на повикувачки центар, се менува очекуваниот почеток на постапката (месец) и наместо во Јануари, постапката се очекува да започне во Септември.

21. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 73 - Услуги за одржување на хигиена во работни и други простории на МВР, се менува називот во Услуги за одржување на хигиена во работни и други простории и се менува очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Јануари постапката се очекува да започне во Јуни.

22. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 78 - Надзор на градба на објект - форензичка лабораторија се брише.

23. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 75 - Проектирање на ПС Аеродром, се менува називот кој ќе биде Проектирање на објекти, очекуваниот почеток на постапката (месец) наместо Февруари се очекува постапката да започне во Јули и проценетата вредност на постапката ќе биде 15.000.000 денари.

24. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 79 – Дизајн на идејно решение и изработка на нулти мостри за делови од униформа, се менува видот на постапката во отворена постапка и се менува очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Април постапката се очекува да започне во Октомври.

25. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапката со реден број 80 - Сервис, одржување, калибрација и валидација на инструменти од производителот Applied BioSystem и постапката со реден број 97 - Сервис и калибрација на мерна опрема и лабораториски машини за ОКТИВ, се бришат. Набавките од ставките 80 и 97 ќе се извршат со спојување на потребите во предвидената постапка од планот за јавни набавки со реден број 96 - Сервис, одржување, калибрација и валидација на инструменти од ОКТИВ, односно трите постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Сервис, одржување, калибрација и валидација на инструменти, мерна опрема и лабораториски машини од ОКТИВ со вкупна проценета вредност од 105.000.000 денари и се менува и очекуваниот почеток на постапката, односно наместо во Јануари постапката се очекува да започне во Јули.

26. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, постапките со реден број 82 - Лиценци за VMWare и дополнителни лиценци од ИПА проект, реден број 83 - Лиценци за Microsoft, реден број 84 - Лиценци за софтвери за Октив - AMPED FIVE, AMPED AUTENTICATION, E-FIT-6 и реден број 99 - Годишно одржување на софтвер IBM i2 iBase Designer, се бришат. Набавките од ставките 82, 83, 84 и 99 ќе се извршат со спојување на потребите во постапката од планот со реден број 85 - Одржување и лиценци за заштита на компјутерски мрежи, односно четирите постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Софтвер, Лиценци и одржување на софтвер и лиценци за компјутери и компјутерски мрежи со вкупна проценета вредност од 30.600.000 денари и видот на постапката ќе биде отворена постапка. За постапката се менува и очекуваниот почеток, односно наместо во Март постапката се очекува да започне во Јуни.

27. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 102 - Услуги за сервисирање на дигитална машина за фотографии FUJI FILM и потрошен материјал за истата, се менува видот на постапката во поедноставена отворена постапка и проценетата вредност ќе биде 900.000 денари.

28. Во основниот план за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година, за постапката со реден број 103 - Услуги за застаклување на простории и други видови на одржувања, поправки и изработка на нови прозорци и врати од алуминиум и ПВЦ, поради зголемен обем на потреби од извршување на услуги се менува проценетата вредност која ќе биде 7.500.000 денари. За постапката се менува и очекуваниот почеток (месец), односно наместо во Август постапката се очекува да започне во Јули.

29. Во измената 1 на годишниот план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, постапката со реден број 7 - Косилки, се брише. Набавката ќе се изврши со спојување на потребите од набавка на Косилки во постапката од планот за јавни набавки бр. 18-972/1 од 02.01.2020 година со реден број 54 - Електрични уреди за домаќинство и одржување (бела техника и опрема за одржување), односно двете постапки се спојуваат во една постапка која ќе гласи Електрични уреди за домаќинство и одржување (бела техника и опрема за одржување) а поради зголемената потреба се менува и вкупната проценета вредност која ќе биде 5.000.000 денари, а видот се менува во отворена постапка.

30. Во измената 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, постапката со реден број 10 - Возила за хеликоптерска единица, се брише.

31. Во измената 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, за постапката со реден број 13 - Виљушкар, се менува очекуваниот почеток на постапката (месец), односно наместо во Мај постапката се очекува да започне во Септември..

32. Во измената 1 на годишен план за јавни набавки бр.18-14939/1 од 07.02.2020 година, за постапката со реден број 14 - Електро-хидраулична платформа за хеликоптери со скии, се менува очекуваниот почеток на постапката (месец) и наместо во Септември постапката се очекува да започне во Декември.

Изготвиле : ОЈНПС

Помошник Министер, Влатко Ѓошевски

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Наќе Чулев